РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ
Бр. 02-2302/1
02 MAY 2024 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ

---

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА

Скопје, април 2024 година

Содржина

I. Вовед

II.Цели и надлежности на Агенцијата за национална безбедност

III. Основни поими согласно Закон за спречување на корупција и судир на интереси

IV.Причини, услови и фактори кои ја овозможуваат корупцијата

V. Идентификувани области подложни на корупција во рамките на делокругот на работа на Агенцијата за национална безбедност

VI. Алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области

VI.I Постоечки алатки и контролни механизми согласно важечката правна рамка и согласно Закон за Агенција за национална безбедност

VI.II Алатки и контролни механизми кои треба да се воспостават

VII. Јакнење на интегритетот на вработените

VIII. Меѓуинституционална соработка

## I. Вовед

Годишниот план за спречување на корупцијата на Агенцијата за национална безбедност за 2024 година е резултат на севкупните заложби на Владата на Република Северна Македонија во областа на борбата против корупцијата и е во согласност со препораките на Владата, стратешките документи и релевантните прописи од оваа област.

Корупцијата е сериозен проблем за напредокот на државата и преставува закана која е насочена кон поткопување на економскиот и целокупниот систем на Република Северна Македонија и со Уставот утврдени основни вредности и интереси.

Годишниот план за спречување на корупција има за цел утврдување на мерки и активности кои ќе овозможат справување со корупцијата и идентификување на причините, условите и факторите кои ја овозможуваат.

Агенцијата за национална безбедност преку унапредување на нормативните и институционалните капацитети ќе настојува да воспостави, развива и применува ефикасни и функционални механизми со кои ќе се намалат ризиците од корупција.

Во Годишниот план е даден преглед на целите и надлежностите на Агенцијата, основни поими согласно Законот за спречување на корупција и судир на интереси, идентификувани се ризични области подложни на корупција во рамки на делокругот на работењето, причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата, алатки и контролни механизми за спречување и намалување на ризикот од корупција, јакнење на интегритетот на вработените, како и меѓуинституционалната соработка.

## II. Цели и надлежности на Агенцијата за национална безбедност

Со Законот за Агенција за национална безбедност ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/19), заради заштита на националната безбедност на државата, односно заради заштита на независноста, суверенитетот, уставното уредување, основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, како и други работи од интерес на националната безбедност на државата е основана Агенцијата за национална безбедност како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.

Агенцијата како еден од чинителите на безбедносно - разузнавачката заедница во Република Северна Македонија има значајна улога во заштитата на националната безбедност на државата, преку одржување на социјална, економска и политичка стабилност која е неопходна за нејзиниот опстанок, како и одржување на уставниот поредок и непречено остварување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот.

Прецизно надлежностите на Агенцијата се утврдени во Законот за Агенција за национална безбедност, согласно кој Агенцијата собира, обработува, анализира, проценува, разменува, чува и штити податоци и информации со цел откривање и спречување на активности што се поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата и тоа:

- шпионажа,
- тероризам и негово финансирање,
- насилен екстремизам,
- сите форми на сериозни и организирани криминални активности насочени против државата,
- спречување на кривични дела против човечноста и меѓународното право,
- незаконито производство и пролиферација на оружје за масовно уништување или нивни компоненти, како и материјали и уреди кои се потребни за нивно производство,
- нарушување на виталните економски интереси и финансиската безбедност на државата
- нарушување на безбедноста на носители на високи државни функции и на објекти од стратешко значење за државата,
- откривање и спречување на други активности поврзани со безбедносни закани и ризици за националната безбедност на државата.

Агенцијата исто така, врши и безбедносни проверки во согласност со Законот за Агенција за национална безбедност и друг закон.

## III. Основни поими согласно Закон за спречување на корупција и судир на интереси

Во текстот на Годишниот план за спречување на корупција за 2024 година употребените изрази го имаат значењето кое што е утврдено во Законот за спречување на корупција и судир на интереси и тоа:

- Корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг која може да вклучува:

Пасивна корупција - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

Активна корупција - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

- Судир на интереси - состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

- Корист - остварување на секој вид материјална или нематеријална, придобивка, погодност или предност за себе или за друг.

- Ризик од корупција – било каков вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

- Интегритет - законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

## IV.Причини, услови и фактори кои ја овозможуваат корупцијата

Клучни причини кои овозможува корупција во институциите и генерално на сите нивоа е постоењето на недоследности, недоречености и празнини во законската регулатива во прописи од различни области, меѓусебна неусогласеност на законите, недостиг на мерки за долготрајно отстранување на корупцијата, недостаток на контролни механизми итн.

## V. Идентификувани области подложни на корупција во рамките на делокругот на работа на Агенцијата за национална безбедност

Ризичните области за корупција во рамките на делокругот на работа на Агенцијата за национална безбедност произлегуваат од специфичностите на надлежностите на Агенцијата утврдени во закон.

Генерално, ризикот од корупција може да се идентификува како:

- ризик од злоупотреба на службената положба и овластување, примање поткуп, примање награда за противзаконито влијание, несовесно работење во службата и ризик од постоење судир на интереси;
- ризик од оддавање класифицирани информации;
- ризик од непрофесионално однесување при постапување или непостапување на вработените при вршење на службените задачи под влијание од корупција;
- непочитување на правилата и прописите на Агенцијата за национална безбедност;
- ризик во областа на јавните набавки од судир на интереси, коруптивни дејствија кај лицата задолжени за изготвувањето на техничките спецификации за јавните набавки, при планирање на јавните набавки, како и ризик од влијание, непотизам, клиентизам и кронизам.

## VI. Алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области

### VI.I Постоечки алатки и контролни механизми согласно важечката правна рамка и согласно Закон за Агенција за национална безбедност

Како дел од законските обврски, Агенцијата за национална безбедност има воспоставено мерки и активности кои се од полза во доменот на спречување и намалување на ризикот од корупција, а дел од контролните алатки и механизми се утврдени и во Законот за Агенција за национална безбедност, како што се:

- Агенцијата за национална безбедност има назначено овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување по Законот за заштита на укажувачи и има изготвено интерни акти за начинот на постапување за заштитено внатрешно и надворешно пријавување;
- Агенцијата за национална безбедност има определено службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации;
- Агенцијата за национална безбедност има назначено одговорно лице за советување во областа на интегритетот, судирот на интереси, примање подароци и слично, како и овластено лице за управување со дарови;
- Агенцијата за национална безбедност има донесено Кодекс за етичко однесување на работниците чија цел е примена на етички стандарди и вредности во остварувањето на законските надлежности на Агенцијата, со почитување на принципите на легалитет, јавен интерес и јавно добро, хиерархија и субординација, професионалност, лојалност, објективност, политичка неутралност, интегритет, доверливост, одговорност и ефикасност, економичност и ефективност. Непостапувањето по Кодексот претставува основ за дисциплинска одговорност и санкционирање на работниците на Агенцијата;
- Агенцијата за национална безбедност има донесено процедура за планирањето, спроведувањето на јавните набавки и извршувањето на договорите за јавни набавки, како и процедури од областа на финансиското работење во Агенцијата;
- Законот за Агенција за национална безбедност претставува солидна правна рамка во делот на правната уреденост на надзорот над работењето на Агенцијата од страна на надзорните тела: Собранието на Република Северна Македонија непосредно и преку надлежни работни тела, Народниот правобранител, Дирекцијата за заштита на лични податоци, Дирекцијата за безбедност на класифицирани ин формации, Државниот завод за ревизија, Советот за граѓански надзор и други надзорни тела. Надзорните тела имаат прецизно уредени овластувања при вршењето на контролата и надзорот и тоа во доменот на работењето, користењето на мерките, извршување на Буџетот на Агенцијата, вршење на стручен надзор итн.
- Во делот на отчетност и транспарентност Агенцијата постапува во согласност со законските обврски утврдени во Закон за Агенција за национална безбедност и подзаконскиот пропис за начинот на информирање и остварување комуникација со јавноста.

VI.II Алатки и контролни механизми кои треба да се воспостават

Агенцијата за национална безбедност, во согласност со идентификуваните области подложни на корупција, во натамошниот период ќе продолжи со воспоставување на алатки и контролни механизми со кои што ќе се надминат предизвиците и ќе се превенираат или минимизираат факторите кои ја овозможуваат корупцијата.

Во тој контекст Агенцијата ќе ги преземе следните активности:

- Демонстрирање на волја на раководниот менаџмент на Агенцијата за национална безбедност во спречување на корупција и конфликт на интерес (tone from the top);
- Континуирана и навремена проценка на реалните ризици;
- Воспоставување дигитализација преку современи софтверски решенија во сите сфери на работењето;
- Континуирано почитување на начелата утврдени во Законот за буџети при утврдување на финансиски план (буџет) на Агенцијата за национална безбедност и известување за негово извршување;
- Промовирање и подршка на иницијативи од сите вработени во Агенцијата за национална безбедност за антикорупција, етика и усогласеност во работењето;
- Активно откривање, справување и санкционирање на можни случаи на корупција и конфликт на интереси;
- Зајакнување на индивидуалниот интегритет на секој припадник на Агенцијата, а со тоа и на институционалниот капацитет на Агенцијата во целина за успешно спротивставување и превенирање на корупцијата;
- Зајакнување на кадровската екипираност во организациските единици надлежни за внатрешна контрола, внатрешна ревизија, јавни набавки;
- Зајакнување на улогата на овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување по Законот за заштита на укажувачи;
- Доследно почитување на законската регулатива, подзаконски и интерни пропсии на Агенцијата и нивно континуирано надградување согласно детектираните слабости и потреби;
- Континуирана едукација преку систем на обуки на сите работници во областа на антикорупција;
- Иницирање на законски измени со цел дефинирање на построги критериуми, услови и стандарди за работниците кои ќе придонесат кон превенција и намалување на ризикот од корупција;
- Континуирана надградба на пишаните процедури за спроведување на постапките за јавни набавки и извршувањето на договорите за јавни набавки, со цел да се обезбеди правилна примена на нормативната рамка за јавни набавки;
- Доследно почитување на основните начела од Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки;
- Воспоставување на внатрешен систем за надзор и контрола на процедурите за јавни набавки и повеќеслоен (вертикален и хоризонтален) мониторинг на целокупната документација и фазите на јавни набавки, вклучително и анализа на претходните набавки со опсежен извештај за причините за евентуална нереализација;

- Воспоставување на пракса за пријавување на случаи на можните ризици кај надлежно лице за интегритет, примање на подароци и судир на интереси;

- Континуирана обука и надградба на знаењата на вработените кои се квалификувани и стручни за спроведување на јавни набавки, нивно мотивирање и кариерен раст;

- Периодична евалуација на Планот за спречување на корупцијата.

## VII. Јакнење на интегритетот на вработените

Во рамки на организациската структура на Агенцијата за национална безбедност е утврдена посебна организациска единица за внатрешна контрола која покрај останатите има и законски утврдена надлежност за оценување на законитоста и почитувањето на професионалните стандарди во работењето на Агенцијата и постапување по пријави за судир на интереси и ризици од корупција, во соработка со надлежен орган.

Во Агенцијата за национална безбедност согласно организационата структура екипирано е и одделението за внатрешна ревизија кое согласно надлежностите од законската регулатива ќе презема активности за превенција и детекција на корупција и судир на интереси во рамките на Агенцијата.

Имајќи ги предвид идентификуваните области кои се подложни на корупција јакнењето на професионалниот интегритет на работниците на Агенцијата останува како една од клучните обврски.

Интегритетот претставува принцип на постојано однесување во согласност со етичките вредности и принципи. Истиот може да се разгледува како интегритет на индивидуите и интегритет на организацијата. Во оваа насока Агенцијата за национална безбедност ќе продолжи да работи на зајакнување на интегритетот на сите нивоа.

Работниците на Агенцијата потребно е да поседуваат знаења и вештини, етички капацитет, решителност и професионалност, а работните задачи да ги вршат преку почитување на воспоставените правила и процедури што ќе биде во полза на јавниот интерес и ќе допринесе за зголемување на довербата на јавноста.

## VIII. Меѓуинституционална соработка

Во вршењето на својата функција, вклучително и во делот на навремено детектирање и попречување на коруптивни дејствија, Агенцијата остварува тесна соработка со други државни органи и институции на Република Северна Македонија, односно потпишува меморандуми и протоколи за соработка со органи на државната власт, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа и други правни лица, заради прибирање службени податоци и информации за непречено спроведување на своите надлежности.

Во доменот на корупцијата, Агенцијата ќе продолжи да работи на јакнење на соработката со надлежните државни институции, преку одржување на средби, размена на информации, склучување на меморандуми и сите други форми на активности.

Бр. 02 - 2302/1

02.05. 2024 година

Скопје

ДИРЕКТОР
НА АГЕНЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ
Зарко Милошевски